02 - 75 / 29.05.2024 год.

# З А П И С Н И К бр.32

Од одржаната редовна Годишна седница на Собрание на акционери на Центарот за ортотика и протетика Славеј а.д.Скопје на ден 29.05.2024 год.
Седницата на Собранието започна во 14,00 часот со најава од претседавачот од последната седница Билјана Попов која веднаш по отварањето на седницата и запознавање на присутните акционери со дневниот ред даде предлог најпрво да се избере претседавач кој ќе го води тековното Собрание за кој беше предложена и едногласно усвоена одлуката за претседавач повторно да биде поставена Билјана Попов која ја прифати функцијата со што Собранието продолжи со редовна работа по предвидениот дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

I - Процедурален дел:

1. Отварање на седницата на Собранието и избор на претседавач.
2. Избор на верификациона комисија.
3. Утврдување на кворум за работа на Собранието.

II - Работен дел:

1. Усвојување на записникот од последната седница на Собранието на акционери.
2. Разгледување и усвојување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за работата на друштвото во 2023 год.
3. Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на работењето на друштвото за 2024 год.
4. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2023 год.
5. Донесување на Одлука за покривање на загубата за деловната 2023 год.

По втората и третата точка од процедуралниот дел од дневниот ред за членови на верификациона комисија беа предложени и усвоени:

1. Владимир Соколовски- претседател.
2. Лина Ацеска- член.
3. Розета Стојанова - член.

За записничар беше избрана Биљана Кочоска Дукоска, а за заверувачи на записникот беа избрани акционерите Жарко Бојчов и Стефан Ристоманов.

Веднаш по извршениот избор на верификационата комисија, пртетседавачот на собранието ги замоли членовите на верификационата комисија да се повлечат во работните простории и на основ списокот за присутност на акционерите да го изготват извештајот за присутност.
Одкако верификационата комисија го достави извештајот за присутност и го предаде на претседавачот на Собранието се констатира следното:

Присутни акционери ------------ 19;
Број на гласови--------------- 14.583;
процент на гласови--------------71,18 %.

По соопштување на показателите од извештајот за присутност на Собранието, претседавачот констатираше дека собранието има кворум и може да продолжи со работа и полноважно да одлучува.

1. По првата точка од работниот дел од дневниот ред усвојување на записникот од последната седница на собранието, следеше негово читање по кое претседавачот предложи да се изврши јавно гласање за истиот по што резултатот од гласањето беше следниот:

гласале за ____14.583___гласа
гласале против ___/___ гласа
гласале воздржано ___/___ гласа.

Претседавачот констатираше дека записникот од предходната седница е усвоен без никакви забелешки.

2. По втората точка од работниот дел од дневниот ред следеше разгледување и усвојување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија-Скопје за работата на друштвото во 2023 год. По читање на извештајот од овластениот ревизор, претседавачот предложи да се изврши јавно гласање за негово усвојување по што резултатот од гласањето беше следниот:

гласале за ___14.583___гласа
гласале против ___/___ гласа
гласале воздржано ___/___ гласа.

Констатирано е дека Извештајот едногласно е усвоен.

- Одлука прилог кон записникот

3. По третата точка од дневниот ред, донесување Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на работењето на друштвото на Годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2024 год. се предложи да се назначи овластениот ревизор Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија 2012 ДОО-Скопје. Предлогот беше ставен на јавно гласање по што резултатот беше следниот:

гласале за ___14.583___гласа
гласале против ___/___ гласа
гласале воздржано ___/___ гласа.

Констатирано е дека Предлогот за назначување на Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија 2012 ДОО-Скопје за овластен ревизор за деловната 2024 год. едногласно е усвоен.

- Одлука прилог кон записникот

4. По четвртата точка од работниот дел од дневниот ред разгледување и усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2023 год. од Управниот Одбор го изложи Претседателот на Управниот одбор Г-дин Горан Чалоски каде беше изнесено во показатели работењето на друштвото во деловната 2023 година. По кратка дискусија се прејде на јавно гласање. Резултатот од гласањето за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на друштвото за 2023 год. од Управниот одбор беше следниот:

гласале за ___14.583___ гласа
гласале против ___/___ гласа
гласале воздржано ___/___ гласа.

Констатирано е дека Годишната сметка и Извештајот за работата на друштвото за 2023 год. од Управниот одбор едногласно е усвоен.

- Одлука прилог кон записникот

5. По петтата точка од дневниот ред, донесување на Одлука за покривање на загубата за деловната 2023 год.,Претседателот на Управниот одбор го изнесе предлогот од Управниот одбор во кој беше предложено остварената загуба да се покрие од акумулираната добивка од 2010 год. Овој предлог беше даден на јавно гласање кој едногласно беше усвоен и исходот од гласањето беше следниот:

гласале за ___14.583___ гласа
гласале против___/___ гласа
гласале воздржано___/___ гласа.

Констатирано е дека едногласно се донесе одлука за покривање на загубата за деловната 2023 год.

- Одлука прилог кон записникот

Со тоа дневниот ред беше целосно исцрпен и седницата заврши во 15.10 часот.

| Записничар | Претседавач на Собрание |
|---|---|
| Биљана Кочоска Дукоска | Билјана Попов |
| _________________________ | _________________________ |

Заверувачи на записникот:

1. Жарко Бојчов ____________________

2. Стефан Ристоманов__________________